Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 01.05.2020

На 30.04.2020 во 16.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје во Градскиот парк го лишиле од слобода Н.П.(21) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.04.2020 во 15.45 часот полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Л.Ѓ.(39) од Скопје, затоа што при претрес во неговиот дом на подрачјето на Карпош, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.04.2020 во 12.15 часот од полициски службеници од Полициската станица за Граничен надзор Пехчево, на патот кој води кон Кадица, на место викано „Буковик", биле пронајдени експлозивни направи, една од минофрлач, калибар 82 мм и една неексплодирана експлозивна направа од топ, калибар 75 мм. Од стручно лице од Дирекцијата за заштита и спасување-Берово, пронајдените експлозивни направи биле подигнати за понатамошна постапка.

На 30.04.2020 во 13.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров Д.З.(44) од Скопје пријавил дека на ул.„Алексо Демниевски", неговиот 17-годишен син бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 01.05.2020 околу 01.50 часот во Скопје, на бул.„Гоце Делчев" настанал пожар во угостителски објект „Фонтана", сопственост на М.А.(34), при што целосно била опожарена терасата. Повредени лица нема. Од страна на Бригадата за противпожарна заштита пожарот е локализиран, а увид ќе се врши во текот на денот.

На 30.04.2020 во 08,00 часот во Полициската станица за Граничен премин и Граничен надзор Богородица, било пријавено дека од припадници на Армијата на РСМ, во правец на Стојаково-Селемли, во близина на манастир „Св.Трифун", биле пронајдени две неексплодирани гранати. Од стручно лице од Дирекцијата за заштита и спасување -Струмица, пронајдените експлозивни направи биле подигнати за понатамошна постапка.

На 30.04.2020 во 15,30 часот во Полициската станица Кисела Вода К.К.(38) од Скопје пријавила дека на ул.„Христо Татарчев" била каснатa од куче скитник во пределот на левата нога.

На 30.04.2020 во 19.20 часот во Полициското одделение Галате Н.К.(55) од с.Калиште пријавил дека на локалниот пат од с.Неготино кон с.Калиште, по претходна расправија околу сообраќај, бил физички нападнат со тврд предмет од А.В.(38) од с.Калиште. Се работи на расчистување на случајот.

На 30.04.2020 во 19.36 часот во Полициското одделение Мирковци И.А.(40) пријавил дека околу 13.30 часот додека неговиот татко С.А.(65) од с.Кучевиште, заедно со неговиот 12-годишен син, на место викано „Кучкарник", на езерце во близина на рудник, рекреативно ловеле риби, дошол В.А.(48) од с.Мирковци, кој се претставил како сопственик на езерцето. По кратка вербална расправија, В.А. со тврд предмет го удрил С.А. во пределот на главата и откако забележал дека С.А. е повреден, ги зел двајцата во неговото возило и се упатил кон Мирковци, каде се судрил со возило „опел астра" управувано од Г.Т.(51) од Скопје. Потоа С.А., Г.Т., 12-годишникот и В.А. биле пренесени во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош, каде од страна на лекар, на С.А. му биле констатирани тешки телесни повреди, а како последица на незгодата со телесни повреди се здобиле Г.Т., 12-годишникот и В.А. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 30.04.2020 во 16.30 часот било пријавено дека во с.Врбоец настанал пожар во два помошни објекта - плевни, сопственост на Л.Н.(67) и на К.Н.(52), двајцата од с.Врбоец. Покривните конструкции од двата објекта биле целосно опожарени заедно со сè што било складирано во плевните. Во 18.00 часот од Територијалната противпожарна единица Кривогаштани пожарот бил изгаснат. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 30.04.2020 во 14.00 часот било пријавено дека на ул.„516" во нас.Ќерамидница, по претходна расправија со неговата ќерка С.К.(42), П.К.(66) со пиштол испукал неколку куршуми кон ѕидот на собата. На местото на настанот пронајдени биле две чаури, како и уште еден пиштол. П.К. бил приведен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.04.2020 во 17.20 часот било пријавено дека на ул.„Перо Наков", во напуштена куќа бил пронајден починат Р.У.(19) од Скопје, без траги на насилство. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено за обдукција.

На 30.04.2020 во 21.00 часот во СВР Куманово А.В.(38) од Куманово пријавил дека во населбата Средорек, С.Н. физички го нападнал неговиот малолетен син. Се работи на расчистување на случајот.

На 30.04.2020 во 11.20 часот во СВР Битола Т.П.Ѓ.(41) од Битола пријавила дека на 29.04.2020 околу 16.00 часот на ул.„Широка", во куќа во изградба сопственост на Г.Т. од Битола, Г.Т. физички го нападнал нејзиниот малолетен син, откако затекнал група на малолетници како пишувале на ѕидот на куќата. Се работи на расчистување на случајот.

На 30.04.2020 во 12.45 часот Џ.Л.(47) од Тетово пријавил дека на ул. „Илинденска" во Тетово бил физички нападнат од З.Ј.(39) од Тетово. Сочинет записник по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 30.04.2020 во 12.50 часот во Полициската станица Свети Николе било пријавено дека на ул.„Ванчо Ангелов" во Свети Николе, во куќа во која моментално престојувал, бил пронајден починат Н.Г.(57) од Свети Николе. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Свети Николе, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено за обдукција.

На 30.04.2020 во 19.20 часот во СВР Тетово било пријавено дека во двор во с.Радиовце, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред мир со меѓусебна пресметка помеѓу П.З.(34) и С.З.(49). Се работи на расчистување на случајот.

На 30.04.2020 во 17.55 часот во СВР Тетово Л.Т.(30) од с.Одри пријавил дека по претходна расправија во неговиот двор бил физички нападнат од Ф.Н.(27), Ф.Н.(23), И.Н. и уште три лица. Се работи на расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет